Пренос

26.04.2023
Ќ Вена
Тина Пасеска

До НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranua 26.04.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia.Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 03 | 514/1 | | |

Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), Ве молам да ми ја доставите следната информација од јавен карактер:

- Кој е статусот на културното добро Архитектонски објект - хотел „Палас“ во Охрид, утврдениот степен на заштита, како и мерките кои произлегуваат од режимот на заштита (кои елементи на објектот и парцелата треба да се задржат во автентична состојба и кои елементи можат да се менуваат)?
- Дали при утврдувањето на состојбата на сочуваност и при изработката на конзерваторските проекти вообичаено се врши проценка на отпорноста на земјотреси на конструкцијата кај објектите прогласени за културно наследство?

Ве молам бараните информации да ми ги доставите по електронска пошта на следнава адреса: jane.stojanoski@gmail.com.

26.4.2023 год.
Скопје

Со почит,

Во акта - Архива

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;*
*е-маил: зимохрид@ѕхахоо.цом;* **жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090**

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 13-514/2
04.05.2023
Охрид/Ohër

**До**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВЕСКА:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (наш бр.03-514/1 од 26.04.2023 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на
од 26.04.2023 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-514/1 од 26.04.2023 година), а во врска со хотел Палас, за тоа цитирам:

1. Кој е статусот на културното добро Архитектонски објект – хотел Палас во Охрид, утврениот степен на заштита, како и мерките кои произлегуваат од режимот за заштита (кои елементи на објектот и парцелата треба да се задржат во автентична состојба и кои елементи можат да се менуваат?

2. Дали при утврдувањето на состојбата на сочуваност и при изработката на конзерваторските проекти вообичаено се врши проценка на отпорноста на земјотреси на конструкцијата кај објектите прогласени за културно наследство?

Врз основа на член 13 ст. 3 и 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

Во врска со вашето барање информација од јавен карактер, а притоа имајќи го предвид член 3 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) за тоа што е информација од јавен карактер, дека тоа е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, Ве информираме за следното:

1. Архитектонскиот објект хотел Палас во Охрид е прогласен за **значајно културно наследство** со Решение УП бр. 18-225/2015 од 04.01.2016 година. Според неговото значење недвижното добро се категоризира како значајно културно наследство и ужива **гарантирана заштита** што ја обезбедува Република Македонија. Доброто се карактеризира како **значајно културно наследство** поради тоа што претставува сведоштво

од потесен интерес за проучување на општествените состојби и прилики на локално ниво во еден специфичен период на развој на градот Охрид во годините после Втората светска војна во развојниот период на државата и градовите во неа. За предметното добро се применува **режим на заштита од втор степен** што подразбира:

- задржување на постојниот габарит, катност, висина и задржување на оригиналниот фасаден изглед без никакви отстапувања;
- преземање мерки на непосредна заштита по потреба, особено превентивна заштита, санација, конзервација и реставрација на исчезнати, оштетени или деградирани елементи/детали на фасадите;
- адаптација на ентериерот по потреба, без промени што би се одразиле на интегритетот на фасадите;
- затскривање на водовите од инфраструктурата и инсталациите на начин што обезбедува да не бидат видливи на просторот што му припаѓа на доброто;
- забрана за било каква доградба, надградба и изградба на нови објекти во границите на доброто, освен изградба на придружни елементи во корист за зголемувањето на категоризацијата на хотелот како тениски игралишта, голф игралишта, базени и друго;
- забрана за поставување на антенски и други инстлации, рекламни паноа, рекламни тенди и какви било други натписи на објектот, со исклучок на меѓународните знаци и официјалните ознаки предвидени со прописите за заштита на културното наследство;
- забрана за фрлање и депонирање отпад во границите на доброто;
- вршење на деловни функции во објектот што се компатибилни со функцијата на туризам и угостителство и не го нарушуваат ниту го загрозуваат интегритетот на доброто.
- преземање на конзерваторски, безбедносни, техниќки и други подготвителни, превентивни, корективни и мерки на претпазливост заради заштита на предметното добро од противправни дејствија, деструктивни ефекти од загадување, бучава, удари и вибрации, пожар, природни и слични непогоди, вооружен судир и други опасности со кои се загрозува самото добро или се нарушува интегритетот на заштитеното подрачје.

2. Пред изработка на Конзерваторските проекти се вршат конзерваторски истражувања согласно Правилникот за конзерваторски истражувања. Конзерваторските истражувања според целта и предметот на истражувањата можат да бидат:

- Истражувања за утврдување на автентичноста на доброто;
- Истражувања за утврдување на староста односно хронолошката припадност на добрата;
- Истражувања за утврдување на хемискиот состав и другите својства на употребените натеријали и врзивни средства;
- Истражување за утврдување на применетата технологија и техника на изработка на добрата;
- Истражувања за утврдување на микроклиматските услови и нивните влијанија врз состојбата на доброто;
- Истражувања за утврдување на степенот на оштетеност на добрата и причините за тоа;
- Истражувања за утврдување на потенцијалните опасности од нови деградации или други облици на загрозување на добрата;
- Истражувања за утврдување на прифатливоста на новите материјали, технологии и техники на непосредна заштита на добрата;

- Други истражувања поврзани со мерките на непосредна заштита, различни од археолошките, гео-механичките и слични истражувања.

Врз основа на извршените конзерваторски истражувања се изработуваат конзерваторски проекти согласно Правилник за конзерваторски проекти. Секој конзерваторски проект без оглед на неговиот вид содржи општ и посебен дел. Општиот дел на конзерваторскиот проект содржи;

- Насловна страница;
- Содржина на проектот;
- Докази за конзерваторско проектирање;
- Резултати од истражувачките работи;
- Проектна програма;
- Образложение за проектот;
- Предмер и проектна пресметка.

Посебниот дел на конзерваторскиот проект се состои од различни содржини во зависност од тоа дали се работи за Идеен проект, Основен проект, Изведбен проект, Проект за изведена состојба или Проект за употреба и одржување.

Во зависност од степенот на оштетеност на објектите при вршењето на истражувачките работи, доколку се оцени дека е потребно од страна на градежен инжинер – статичар да се врши проценка на отпорноста на земјотреси на конструкцијата кај објектите прогласени за културно наследство, може да се направат такви анализи, меѓутоа истото не е задолжително предвидено согласно правилниците за Изработка на конзерваторски истражувања и Изработка на конзерваторски проекти.

Со почит,

Службено лице за посредување со

информации од јавен карактер

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

-----------------------------------

в.д. Директор,

Катерина Велковска

-----------------------------------